**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09-1323/4**
**04.03.2024 година**
**Скопје**

**ООУ „Невена Георгиева – Дуња“, Општина Кисела Вода - Скопје**

| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | од 27 до 29 ноември 2023 година |
| **Број на извештај:** | 1/скопски/2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Христина Јованоска |
| **Вид на училиштето:** | основно |
| **Основач на училиштето:** | Општина Кисела Вода |
| **Наставен јазик:** | македонски |
| **Број на ученици:** | 651 |
| **Полова структура на ученици:** | 315 машки и 336 женски |
| **Број на наставници:** | 50 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Катерина Величкова |
| **Директор на училиштето:** | м-р Наталија Делева |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | од 11 до 13 април 2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул. „Михаил Чаков“ бр. 2 |
| **Телефон:** | 02 2776 230 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | ngeorgievadunja@gmail.com |
| **Оценка ИЕ** | 3,48 |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014; 33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РМ“ број 86/2006 година).

# Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Законот за просветна инспекција од 27 до 29 ноември 2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори, спроведоа интегрална евалуација во ООУ „Невена Георгиева - Дуња“, Општина Кисела Вода - Скопје.

За време на интегралната евалуација се извршија сите планирани активности на трочлениот тим на инспектори, во кои е опфатен надзор над сите седум подрачја што се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето. Остварени се работни средби со претставници од наставничкиот совет, училишниот одбор, советот на родители, стручните активи и фокус група на ученици. Во текот на надзорот инспекторите извршија посета на 28 наставни часови (на цел наставен час или дел од наставен час).

Наставниот процес во ООУ „Невена Георгиева - Дуња“, Општина Кисела Вода - Скопје се организира и остварува според наставниот план за деветгодишно основно образование, во две смени на македонски наставен јазик. Во паралелките од прво до шесто одделение воспитно – образовната работа се остварува според Концепцијата за основно образование. По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија во паралелките од седмо до деветто одделение наставата се реализира според адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ одобрени од Бирото за развој на образованието. Наставниот план и програми се реализираат во пропишаниот обем.

Наставниците преку брошура ги запознаваат учениците и родителите со содржините, целите и задачите на наставната програма по соодветниот предмет кој го предаваат. Училиштето нуди повеќе изборни предмети, според наставниот план и спецификите на локалната средина. Учениците за изборот на воннаставните активности и изборни предмети се определуваат според нивниот афинитет и интерес, без разлика на пол и други различности. Постапката за избор се применува во целост, а се зема во предвид и мислењето на родителите. Додатната и дополнителната настава како и воннаставни и слободно ученичките активности се реализираат согласно Годишната програма на училиштето. Училиштето е вклучено во проектот за мултикултурализам и има изработено Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Во таа насока, потпишан е Меморандум бр.03-33 од 1.02.2023 година, за соработка со ООУ„Емин Дураку“ – с.Буковиќ.

Постигањата на учениците во училиштето се добри. Средниот успех на учениците во училиштето во последните три учебни години е 4.60 . Две учебни година наназад во училиштето има тренд на зголемување на бројот на ученици. Податоците од извршените анализи на редовноста на учениците во последните три години покажуваат дека редовноста е на високо ниво, неоправданото изостанување е минимално и споредено со годините претходно е опаднато.

Во наставниот процес поголем број од наставниците користат комбинација од повеќе наставни методи и форми што соодветствуваат на потребите на учениците. Изборот на задачите и активностите кои им се задаваат на учениците се соодветни за постигнување на наставните цели и се прилагодени на индивидуалните образовни потреби на учениците. Атмосферата на поголем број часови е мотивирачка и начинот на кој се учи е интересен. Најголемиот број наставници настојуваат да ги вклучат сите ученици во процесот на учењето според нивните способности. За учениците со потешкотии и посебни образовни потреби

формиран е инклузивен тим со Решение бр.03-231/1 од 27.06.2022 година и со поддршка на тимот се изготвуваат индивидуални образовни планови. На часовите доминира интеракцијата наставник-ученик, а интеракција на релација ученик-ученик најчесто е присутна во работа во групи, во парови и при изработка на проекти. Во училиштето се реализира Еко проектот според пропишаната динамика од Годишната програма. Има изложени трудови од ученици на видни и соодветни места, во училниците и низ ходниците на училиштето.

Училиштето води добра политика и презема активности  за поддршка на учениците од страна на  наставниот кадар, стручната служба и раководството на училиштето во скоро сите сегменти од животот на учениците, а во соработка со родителите.

Во училиштето се воспоставени добри односи на релација наставник-ученик, наставник-наставник, наставник-родител и ученик-ученик. Односите и соработката на директорот со стручните тела и органи на училиштето се многу добри**.**

Училиштето со дел. бр.30120230000194 од 23.01.2023 година во Централниот регистар на РСМ, има регистриран училишен спортски клуб „АСОВИ“ – Скопје. Со УСК се опфатени ученици на доброволна база и по препорака од наставникот по физичко и здравствено образование.

Поддршка и следење на  на учениците се врши од страна на стручната служба – педагог и специјален дукатор и рехабилитатор. Раководството на училиштето редовно и навремено презема мерки за одстранување на недостатоците во просториите и ресурсите кои значително влијаат на квалитетот на воспитно образовниот процес. Тој има визија за напредокот на училиштето и ги прифаќа сугестиите и барањата за подобрување на состојбите. Директорот на училиштето за време на својот мандат има евидентни резултати во инфраструктурните подобрувања на училишната зграда и училишниот двор.

Училиштето има изработено:

- Самоевалуација за работата на училиштето број 0102-286 од 30.08.2022 година, во која се издвоени силните и слабите страни за секое од седумте подрачја.
- Програма за развој на училиштето за 2021-2025  година број 08-227/1  од 23.08.2021 година, во која издвоени се идните активности и приоритети според кои ќе се развива училиштето.
- Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година број 0102-248 од 15.08.2023 година, усвоена од Советот на Општина Кисела Вода со Одлука број 09-7245/21 од 30.08.2023  година, како и
- Статут на училиштето одобрен со Решение бр.УП1 18-259 од 11.02.2020 година. Заради усогласеност со Законот за основно образование од страна на Министерството за образование и наука има добиено Решение за согласност на Статутарни измени и дополнувања бр.УП1 18-203  од 23.08.2023  година.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и од увидот во сите седум подрачја, тимот од државни просветни инспектори констатира дека севкупното работење на училиштето се оценува добар (3,48).

## Карактеристики на училиштето

ООУ„Невена Георгиева - Дуња“, Општина Кисела Вода - Скопје е воспитно - образовна установа лоцирана во  градот Скопје,  Општина Кисела Вода.

Училиштето е основано со Решение за основање од Народен одбор на општина Кисела Вода со дел.бр.280 од 26 февруари 1964 година. Училиштето е запишано во регистарот на установите на Окружниот стопански суд во Скопје, Решение Ус бр.345/65. Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение бр.15-1990/5 од 02.12.1985 година од Општинскиот комитет за образование, култура и физичка култура на Собрание на општина Кисела Вода – Скопје.

Училиштето има својство на правно лице, регистирано е во Централен регистар под деловоден број 0805-50/1501202503002470 8 од 21.09.2023 година со ЕМБС 4062485 и ЕДБ 4030974165296.

Основното училиште „Невена Георгиева - Дуња“ воспитно-образовната работа ја остварува и организира во еден објект изграден од тврда градба во 20 училиници.

Училиште располага со вкупно 3000 $м^2$ внатрешен простор и со 10670 $м^2$ дворна површина, во чиј состав се наоѓа детско игралиште со реквизити. Во објектот просторните услови за работа се според пропишаните стандарди и нормативи.

Во учебната 2023/24 година наставата ја следат 651 ученик, распоредени во 27 паралелки.

Во училиштето за учениците од прво до трето одделение се организирана настава со продолжен престој во 8 паралелки. Училиштето ги опфаќа и запишува учениците од својот реон и од други општини.

Наставата ја изведуваат 50 вработени во ова училиште, од нив, одделенска настава изведуваат 23 наставника, а предметна настава изведуваат 29 наставника. Наставните програми ги реализираат наставници кои имаат завршено соодветно образование. Има 5 наставници-приправници, за кои директорот има назначено ментори. Најголем дел од наставниците имаат посетено соодветни обуки за стручно усовршување за примена на новите наставни техники и примена на ИКТ во наставата.

Училиштето располага со училници и кабинети, библиотека, една фискултурна сала и една спортска сала (на општината), надворешен мултифункционален спортски терен за мали спортови, наставничка канцеларија, канцеларии за директор, секретар, училишниот педагог, училишен специјален едукатор и рехабилитатор, просторија за помошно-технички персонал и други помошни простории. Училишната библиотека располага со 1044 наслови книги, од кои 2015 лектирни изданија, 395 стручна литература а останатите домашна литература, странска литература, енциклопедии, прирачници, речници, атласи, детска литература и други. Училниците се опремени со потребниот училишен инвентар. Училишниот двор е целосно ограден.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1Реализацијата на наставните планови и програми

Наставниот процес во ООУ„Невена Георгиева Дуња“ се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Реализацијата на НПП е во пропишаниот обем, во согласност со Календарот за организација и работа на основните училишта. Содржините во поголемиот број наставни програми, овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Во паралелките од прво до шесто одделение воспитно – образовната работа се остварува според Концепцијата за основно образование донесена со Решение Бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година од Министерот за образование и наука. По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија во паралелките од седмо до деветто одделение наставата се реализира според адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ одобрени од Бирото за развој на образованието.

Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела, за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат, вклучително и за програмите што се однесуваат за интегрирано

образование. Информирањето го спроведува на почетокот на учебната година на првата родителска средба, преку изготвување на брошура и преку веб страната на училиштето.

Во училиштето има 14 ученици со посебни образовни потреби со добиена стручна проценка на функционалности според МКФ од кои, согласно со проценката, 11 ученици работаат според ИОП, со 3 се работи по модифицирана програма, а за 4 ученици не се изготвува ИОП, но се работи со диференциран пристап. Овие ученици се идентификувани од наставниците и стручната служба. Со Решение бр.03-231/1 од 27.06.2022 година донесено од директорот на училиштето формиран е училишен инклузивен тим кој се грижи за инклузивните практики на ниво на училиште и работи според изготвена програма која е составен дел од годишната програма за работа на училиштето. За сите ученици со посебни образовни потреби постои Инклузивен тим за ученик, а родителите се дел од тимот и се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), со што се обезбедува нивна целосна информираност. За работата со децата со посебни образовни потреби, е обезбедена стручна поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор, педагог и 6 образовни асистенти кои даваат подршка на 8 ученици. Согласно со дидактичките упатства добиени од специјалниот едукатор и рехабилитатор, наставниците ги прилагодуваат целите и стандардите од наставната програма според посебните образовни потреби на учениците, со цел да постигнат најмногу што можат. Инклузивниот тим за ученик прави евалуација на секое тромесечие и ревидирање на поставените цели во индивидуалниот образовен план со очекуваните резултати на секое полугодие и по потреба се врши корекција и за истото се изработува извештај. ООУ„Невена Георгиева Дуња“ има склучено Договор бр.03-147/24 од 15.06.2021 година за соработка со Основното училиште со ресурсен центар „Д-р Златан Сремец“ од Скопје за обезбедување поддршка при имплементирање на инклузивното образование. За учебната 2023/2024 година изготвен е Годишен план за поддршка на училиштето од страна на ресурсниот центар која вклучува и обезбедување поддршка од образовни асистенти за 8 ученици.

Училиштето ги нуди сите изборни предмети според наставниот план за учениците од седмо до девтто одделение. Се врши анкетирање на крајот на секоја наставна година. Училиштето ја почитува процедурата и изборот од страна на учениците и родителите. За учениците од четврто, петто и шесто одделение училиштето доставува предлог прашалник до родителите за нивно изјаснување во однос на изборните предмети врз основа на кој се составува предлог за слободните изборни наставни предмети. Во месец септември се реализира анкетен прашалник за конечен избор на слободни изборни предмети. Во ООУ„Невена Георгиева Дуња“ се планира и реализира проширена програма за учениците од прво, второ и третто одделение од иста паралелка. Се реализира организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред почетокот на наставата од одделенски наставник и еден час по завршувањето на наставата. Проширената програма опфаќа и вонннаставни активности.

### 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебни помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност на иницијативи на наставниците и родителите. Во Годишната програма за работа, училиштето има изработено и Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Потпишан е Меморандум бр.03-33 од 1.02.2023 година, за соработка со ООУ„Емин Дураку“ – с. Буковиќ. Програмата нуди еколошки активности, активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи и заеднички воннаставни активности (екскурзии). Училиштата тоа го постигнуваат преку меѓусебна реализација на заеднички активности и активност за одбележување на значајни датуми во двете училишта. Постојат примери на соодветно вградени особености на локалната средина, во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието,

граѓанска вклученост и инклузијата на лица со церебрална парализа (Дневен Центар на лица со цереблална парализа). Училиштето редовно се вклучува во разновидни акции, организирани од локалната заедница, хуманитарни акции, спортски натпревари, организирани посети на општината и слично. Во училиштето има можности за интегриран пристап по одделни наставни предмети, при што истиот целосно е застапен во одделенска настава, а помалку застапен е по наставните предмети во предметна настава.

Училиштето, има разработени насоки за вградување на меѓупредметни цели. Поголем број од наставниците, насоките ги почитуваат и ги применуваат. Училиштето на состаноците на формалните органи, дискутира за применуваните наставни планови и програми, во однос на нивната преобемност но до релевантните институции, нема покренато писмена иницијатива за нивно изменување, дополнување или иновирање.

### 1.3 Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците. Училиштето планира и организира заеднички воннаставни активности и со партнер училиштето, со цел обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот. За реализација на заедничките активности со партнер училиштето има добиено грант од УНИЦЕФ и Еко- логик за проекти со еколошки содржини.

Учениците се вклучуваат во воннаставните активности, според сопствен избор. Сите учениците се вклучени барем во една воннаставна активност според нивните индивидуални способности, интереси и предиспозиции со изјаснување на учениците. Групите најчесто се хетерогени (од различни паралелки). Во одделенска настава на ниво на генерација се понудени повеќе секции каде што учениците имаат можност според своите потреби и интереси да се вклучат во одредена секција и тоа: хорска, ликовна, ритмичка, драмска и креативна со прегрупирање кај одговорен наставник. Училиштето во воннаставните активности ги вклучува и учениците со посебни образовни потреби. Препораките на наставниците се клучни при планирањето на содржините и активностите. Понекогаш и учениците се вклучуваат со свои предлог содржини и активности во подготвување на програмите за работа на воннаставните активности. Наставниците најчесто ги земаат во предвид нивните предлози. Училиштето ги поттикнува учениците на младинско учество. Во таа насока се реализирани активности за поттикнување демократска клима – отворен ден за граѓанско образование и работилници со антикорупциска содржина.

Учениците со поддршка од наставниците, учествуваат на различни манифестации, конкурси и натпревари од различни области што се организираат на училиштето, општинско, регионално, државно и меѓунаредоно ниво. Во учебната 2021/2022 година учениците освоиле најголем број награди од областа на природните науки односно на општинско ниво 32 награди, 4 награди на регионални натпревари и 14 награда на државни натпревари. Истата учебна година по англиски јазик освоени се 6 награди на општинско ниво, 5 на регионално и на државно ниво по странски јазици освоени се 7 награди. Во учебната 2022/2023 година од областа на природните науки учениците освоиле 10 награди на општински натпревари, 22 награди на регионални натпревари од кои 1 награда француски јазик и една награда по музичко и останатите се по природни науки, 14 награда на државен натпревар (1 музичко, 2 ликовно и 11 природни науки) и 1 награда на меѓународен по француски јазик. Во изминатите три години училиштето има и освоени награди на ликовни и литературни конкурси во и надвор од државата. Учениците и наставниците работат на проекти од различна природа: Еразмус+ (поголем број проекти), поголем број проекти од областа на интерклтурализмот (книжевни работилници, посети на галерии, ликовни работилници и др.), Супермоќниот компоско (МИО), Еко проекти,

проектни активности на инклузивниот тим во соработка со училишта со ученици со ПОП, одбележување на денови на франкофонија во соработка со француската амбасада, францускиот културен центар и НВО и др. Училиштето континуирано аплицира на ЕУ проекти за професионален развој на наставниот кадар и на унапредување на вештините на учениците што е овозможено со добиена акредитација од Националната агенција за мобилност.

Постојат и голем број на примери за реализирани младински иницијативи кои учениците самостојно ги покренуваат, а добиваат поддршка од наставниците при нивната реализација. Училиштето за афирмирање на воннаставните активности соодветно ги користи различните медиуми (пр. интернет страна, блогови, социјални мрежи, веб страна на општината Кисела Вода, ученичко катче и сл.). Обезбедува промоција на активностите за меѓуетничка интеграција во училиштето и со партнер училиштето. Училиштето со Дел. бр.30120230000194 од 23.01.2023 година во Централниот регистар на РСМ, има регистриран училишен спортски клуб „АСОВИ" – Скопје. Активностите на училишниот клуб во кошарка, одбојка, ракомет и спорт, забава и здравје се реализираат во спортските секции на училиштето.

# 2 Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците според пол, етничка припадност, по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.

Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година е 4,70, во учебната 2021/2022 година е 4,61 и во учебната 2022/2023 година е 4,5. Нема значајно отстапување во однос на средниот успех за последните три учебни години. Училиштето има констатации дека просекот на одлични ученици се зголемува а просекот на многу добрите и добрите ученици се намалува. Ова се должи на зголемување на бројот на ученици во училиштето и превземените мерки за подобрување. Училиштето врши анализи на постигањата на учениците и од описно оценување во двата периоди. Анализите се презентираат на наставнички совет, совет на родители и училишен одбор. Училиштето промовира уверување дека постигањата на учениците може да се подобрат и континуирано презема конкретни активности во таа насока.

Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици, како и на учениците со попреченост и континуирано го следи нивниот напредок. Поголем дел од наставниците им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби, избирајќи активности соодветни на нивните интереси и можности. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области. Во училиштето се води точна виденција за реализација на дополнителна и додатна настава. Училиштето има развиен систем и во континуитет организира заеднички активности со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето и со партнер училиштето. Активностите се испланирани во акцонен план за интеркլтурализам (роми, срби, власи, горанци и ученици од мешани бракови). Најчесто се организираат книжевни и ликовни работилници и одбележување на денот на јазиците.

## 2.2 Задржување / осипување на ученици

Со Одлука бр.09-3617/6 од 26.04.2022 година донесена од Советот на Општина Кисела Вода утврден е реонот на основните училишта на територијата на Општина Кисела Вода. Согласно со истата, ООУ„Невена Георгиева Дуња" ја опфаќа територијата на Усије, населба 11 октомври, дел од булевар Србија и улиците околу општина Кисела

Вода. Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од својот реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Има изградена политика за запишување и превзема различни активности за да ги запише сите деца од својот реон. Согласно со законската регулатива, училиштето има формирано Комисија за запишување на деца во прво одделение, доставува покани до родители, врши посети на семејства, посета на градинки, остварува соработка со надлежни институции и со локалната заедница. Изготвен е правилник за запишување ученици во прво одделение усвоен од училишните органи во кој е содржана процедурата и училиштето постапува согласно со неа. Училиштето ги ажурира податоците за запишаните ученици и го известува општинскиот просветен инспектор за незапишаните ученици. Училиштето располага со податоци каде учениците го продолжуваат своето образование по завршување во училиштето само за оние ученици за кои средните училишта доставиле такви податоци. ПСУ „Јахја Кемал“ обезбедува детални информации за запишаните ученици. Училиштето има изграден систем на вклучување на претходно осипани ученици или ученици повратници во наставниот процес. Во последните три учебни години вратени се 2 ученика од странство. Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Вкупниот број на изостаноци на ниво на училиште во учебната 2020/2021 година изнесува 5175, од кои 2018 изостаноци се неоправдани или 39 изостаноци по ученик. Во учебната година 2021/2022 година, вкупниот број на изостаноци изнесува 11075, од кои 1716 изостаноци се неоправдани или 15,5 неоправдан изостанok по ученик. Во учебната година 2022/2023 година вкупниот број на изостаноци изнесува 15956, од кои 1364 изостаноци се неоправдани или 8,55 неоправдани изостаноци по ученик. Бројот на неоправдано отсуство на учениците е драстично намален. Идентификувано од училиштето е дека носители на неоправдани изостаноци се ученици кои заминуваат во странство и не доставуваат соодветна документација за што се води строга евиденција на дневно ниво. Училиштето ги има анализирано причините за отсуство од наставата и има преземено конкретни активности за подобрување на редовноста на учениците. Согласно со утврдените потреби и изготвен план, се реализираат советувања со родители и ученици, за кои се води уредна евиденција. Советувањата ги реализира училишниот педагог. Во учебната 2021/2022 година, реализирани се 1 советувања на родители и ученици по основ на намален успех во учењето, 4 советувања по основ на нередовно посетување на наставата и 3 советувања по основ несоодветно однесување. Во учебната 2022/2023 година, реализирани се 6 советувања на родители и ученици по основ на намален успех во учењето, 6 советувања по основ на нередовно посетување на наставата и 8 советувања по основ несоодветно однесување. Во учебната 2023/2024 година, реализирани се 3 советувања по основ на намален успех во учењето. За резултатите од спроведените советувања, доколку има потреба се доставуваат известувања до надлежни институции. Педагогот ги следи резултатите од советувањето. Според статистиките и анализите кои ги изготвува може да се заклучи дека советувањата на родители и ученици даваат позитивни ефекти. Педагогот има изготвено мислење и стручни препораки за подобрување на советувањата. Во училиштето нема појава на осипување на ученици. Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште, ги доставува информациите за воспитно – образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Во последните три учебни години, до моментот на надзорот вкупно 2 ученици се испишале од училиштето поради промена на местото на живеење или заминување во странство, а 7 ученици се запишале во ова училиште.

### 2.3 Повторување на ученици

Во последните 3 учебни години има повторувано двајца ученици поради подолго отсуство а кои не се појавиле на одделенскиот испит. Учениците се пријавени кај општинскиот инспектор.

Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор доколку има незадоволство од постигнатиот успех на крајот на наставната година.

# 3 Учење и настава

## 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручните соработници.

Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а оперативните планови и сценаријата за час континуирано се следат во текот на годината и при посетите на часови од страна на директорот и стручните соработници. Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието, обезбедува поддршка на наставниците за вградување на цели од образование за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, во планирањата на наставниците. Исто така и Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на Индивидуалните образовни програми за децата со посебни образовни потреби и модифицирана програма и по потреба соработува со Основното училиште со ресурсен центар „Др.Златан Сремац“ при нивната изработка. Во една учебна година, најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна директорот и стручните соработници. Следењето се врши со употреба на интерни инструменти.

Сите наставници навремено ја планираат редовната, додатната, дополнителната настава и вонаставните активности. Наставниците кои реализираат воспитно-образовна работа со учениците од седмо до деветто одделение изработуваат годишни, тематски планирања и опративен план за наставен час. За реализирање на наставните програми според адаптираните Кембриџ програми, планирањата на наставниците се изготвуваат според дидактичките насоки од Бирото за развој на образованието за планирање на наставата по Кембриџ програмата. Наставниците кои реализираат воспитно-образовна работа од прво до шесто одделение изработуваат сценарио за наставен час, тематски планирања и неделни планирања во одделенска настава во согласност со Насоките за планирање, организација и реализација на наставата од прво до шесто одделение во учебната 2023/2024 година изготвени од Бирото за развој на образованието. Планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот, но кај помал дел од нив недостасуваат диференцирани активности за работа со талентираните ученици. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се утврдени во најголем дел од планирањата. Наставничкиот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Наставникот со звање наставник ментор има изготвено програма за работа со двајца наставници приправници.

Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи, во соработка со наставници од други училишта, со поддршка од стручните соработници и одговорниот советник од БРО. За изработка на планирањата, наставниците од одделенска настава дискутираат на стручните активи и најчесто заедно ги изработуваат, додека наставниците од предметна настава, своите планирања ги изработуваат индувидуално со размени на идеи во стручните активи.

Распоредот на часови е направен според наставниот план земајќи ги во предвид просторните и кадровските можности на училиштето. Распоредот на часови за предметна настава го изготвува наставник по математика, а за одделенска настава го изготвуваат самите наставници. Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна

настава кој е истакнат на видни места и се реализира според предвидената динамика и согласно потребите на учениците.

### 3.2 Наставен процес

Во текот на интегралната еваулација извршена е посета на наставен час на поголем дел од наставниците, вклучувајќи ги и наставниците приправници.

Поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Поголем дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни методи за работа со учениците најчесто индивидуално или заедничка работа со целата паралелка, а поретко во парови или во групи. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Од посетата на часовите констатирано е дека наставниците поретко применуваат наставни техники.

Сите наставници се обучени за употреба на Информатичка компјутерска технологија (ИКТ) и нови образовни технологии во наставата. Во текот на имплементација на интегралната евалуација, беа реализирани најголем број на часови со примена на ИКТ. За целосна имплемнтација на Концепцијата за основно образование донесена со Решение Бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година од Министерот за образование и наука неопходно е доопремување на сите училиниците со паметна (смарт) табла како што е предвидено со наставната програма. Наставниците кои работат по концепцијата редовно употребуваат дигитални алатки при реализација на содржините. Со употрбата на алатките запознаени се учениците. Најчесто самите ученици ги користат алатките за квизови, пишување и цртање.

Задачите што се работат во училиштето или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи и активности, е добро приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат учебници, прирачен материјал и дополнителна литература. За децата кои од било кои причини подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да напредуваат со прилагодени програми и активности.

Наставниците најчесто ги споделуваат со учениците, целите на наставата и очекуваните резултати од учењето и истите им се јасни на повеќето ученици. Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста на учениците.

Во училиштето застапеноста на интерактивната настава е добра. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и главно нивниот придонес се почитува. Интеракција наставник – ученик е обезбедена кај најголем број наставни часови, а во помала мера е застапена и интеракција ученик - ученик.

Сите наставници со учениците се однесуваат на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без при тоа да се прави разлика меѓу учениците во однос на нивниот пол, социјалното потекло, нивната етничка припадност и религиска припадност или попреченост. Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди, а во однос на културните разлики, способностите, физичката попреченост, интелектуалната попреченост и друго.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час најмалку двапати во текот на учебната година од страна на директорот или од стручните соработници. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите училиштето го доживуваат како безбедна и интеркултурна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден. Низ ходиците во училиштето, има изложени изработки на учениците и паноа со едукативна содржина. Во

дел од училниците има содржини во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието преку кои се отсликува мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија. Трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училниците и училишните ходници, почитувајќи ги естетските норми.

Учениците сметаат дека по повеќето предмети, се учи на интересен начин. Содржините кои што се учат се поврзани со секојдневието, се применливи и корисни во реалниот живот и ги оспособуваат за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество. За време на часот, најголем дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислуваат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици или возрасни.

Учениците сметаат дека имаат можност да го искажат своето мислење и да преземат одговорност при решавањето на проблеми поврзани со учењето, во и надвор од наставата.

Голем број на ученици сметаат дека интеракцијата со другите ученици е добра, а посебно во активностите што заедно ги остваруваат. Постојат и се применуваат различни форми за соработка. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Учениците се чувствуваат прифатени и задоволни во паралелката и училиштето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници, системски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Поголем број од наставниците, во соработка со стручните соработници и со Инклузивниот тим, во процесот на поучување користат различни приоди со цел да ги мотивираат учениците да научат најмногу што можат.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците изготвуваат сопствени критериуми, со утврдени стандарди за оценување на учениците, според образовните потреби, кои се усогласени со критериумите за оценување на ниво на училиште согласно стандардите од БРО. Учениците и родителите се запознаени со критериумите за оценување на постигањата по сите наставни предмети.

Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Застапено е формативно и сумативно оценување, кое кај најголем број на наставници е јавно и транспарентно. Се оценуваат различни активности, писмени и усмени одговори, тестови, проекти, наставни ливчиња и друго. Оценувањето на постигањата на учениците со пречки во развојот се врши според Правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост донесен од Министерот за образование и наука, согласно со целите на изготвениот Индивидуален образовен план, а во соработка со Инклузивниот тим.

Најголем број наставници им даваат повратни информации на учениците за нивната работа. Во повратната информација се содржани тековните постигања на учениците. Поголем дел од наставниците даваат насоки за подобрување на постигањата, а по потреба, ги вклучуваат учениците во дополнителна или додатна настава. Поголем дел од наставниците ги користат информациите од оценувањето за да го евалуираат и да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврдено систем на активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. За таа цел се организираат родителски средби на паралелките, формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите. На видно место во училиштето е истакнат распоред со приемно време за секој наставник. Училиштето организира и отворен ден на кој се присутни сите наставници.

Родителите добиваат информации за постигањата на учениците на ниво на паралелка како и пишани извештаи – евидентни листови и детали за напредокот на нивното дете, по секој наставен предмет, вклучувајќи и информации за личниот и социјалниот развој на детето. Доставувањето на евидентните листи се врши електронски преку апликацијата на е-дневникот, по што од родителите се бара електонски да го потврдат приемот на евидентниот лист. Родителите на деца со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот, предвиден со Индивидуалниот образовен план и по потреба, со нивно учество се ревидираат целите кои треба да се постигнат.

# 4 Поддршка/помош на учениците

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава, истиот е осигуран во “А.Д. УНИКА - Скопје“ со Полиса бр.08028П077545 за период од 17.02.2023 до 17.02.2024 година. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Сите потенцијално опасни места во училиштето што не може да се избегнат во целост се посебно означени и од страна на наставниците учениците се информирани за можните опасности и се свесни за нивното присуство. Во училиштето има двајца обучени од кадарот, за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето и училиштето располага со пакет средства за прва помош. Училиштето има интерен акт План за заштита и спасување - евакуација во случај на пожар и други елементарни непогоди и изведена е симулација на ден 21.12.2019 година организирана од Дирекција за заштита и спасување - Скопје. За безбедноста на учениците во училиштето се грижи и обезбедување од агенцијата ,,Секурисат Доел“ Скопје, ангажирано од страна на основачот бр.15-1270/2 од 30.08.2023 година, но уште не се почнати со работа.

Во училиштето има 12 хидранти кои се распоредени на катовите од училишниот објект и внатрешни хидранти во фискултурната сала чија исправност била проверена на 05.06.2023 година. Има и 13 ПП апарати кои редовно се сервисирани, односно сервисирањето на ПП апаратите е направено на ден 05.06.2023 година. Проверката за исправност на апаратите за противпожарна заштита на ПП апарати и хидранти е извршена од страна на фирмата ДПТУ ,,Огно Проект“ бр.2046/2023 Скопје. Извршена е громобранова инсталација и инсталирана е интернет мрежа и телофонска врска.

Училиштето има протокол како пишани документи (Куќен ред и Кодекс на однесување) во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните. Протоколите доследно се реализираат и се применуваат. Во училиштето нема насилство манифестирано од страна на возрасните и учениците. Училиштето организира предавања и активности за заштита на учениците од насилно однесување, работилници и предавања за сајбер насилство, тровија со деца и позитивни и негативни последици од користење на интернет и социјални мрежи. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на учениците им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Активностите за заштита и безбедност на учениците ги координира со институциите. Учениците и родителите се информирани од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки за насилство.

Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци. Во училиштето не се пуши, наставниците не доаѓаат во алкохолизирана состојба, не консумираат алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Училиштето има пишани процедури за регистрирање на појавата на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. За заштита на учениците од употреба на алкохол, цигари и наркотични супстанци училиштето организира предавања.

Во училиштето има организирана исхрана за учениците (топол оброк) склучено со фирмата ДПТКУ Велвуд ДООЕЛ - Скопје. Училиштето води кампања за здрава исхрана, организира предавања и активности на тема „Здрава храна“. За квалитетот на храната училиштето има увид преку доставената документација од извшените контроли од надлежна институција.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на двата ученика со физичка попреченост. Просторот во ходниците и во училниците овозможува негово движење. Изграден е лифт, сензорска училница како и прилагоден тоалет за ученици со физичка попреченост.

Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во вонналставните активности што бараат вложување дополнителни средства. Во училиштето два ученика се од социјално загрозени семејства. За помош и поддршка на учениците училиштето соработува со основачот, Општина Кисела Вода, преку општинскиот Црвен крст и невладини организации спроведува хуманитарни организации, а на училишно ниво организира акции за поддршка на учениците од социјално загрозените семејства.

## 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето е на високо ниво. Училишниот простор е чист и се дезинфицира во текот на учебната година согласно законските прописи. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Училишниот двор е чист и континуирано се уредува холтикултурно. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето воспитно делува учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.

Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целиот училишен простор.

Училиштето има програма за превенција за здравјето, организира предавања од областа на здравјето на тема: Лична хигиена и хигиена во училиштето и дворот, Правилна и здрава исхрана, Значењето на имунизацијата на младата популација како и предавање за болести предизвикани од зависности и орална хигиена. За учениците училиштето организира систематски прегледи, а за вработените санитарен и систематски лекарски преглед. Превентивниот здравствен лекарски преглед (систематски) на вработените извршен е во месец октомври 2022 година во ЈЗУ Поликлиника ,,ПРЕВЕМЕД“– Скопје бр.0201-1610/22 од 22.10.2022 година.

Во училиштето има еден ученик со хронично заболување. Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. Притоа училиштето соработува со родителите и здравствените установи.

Секоја година се организира вакцинација, систематски прегледи и стоматолошки прегледи на учениците во согласност со Националната програма за здравствена заштита и за истото се води уредна евиденција. Грижата за здравјето на учениците е опфатена во годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа на учениците со емоционални проблеми, вкупно има пет ученици со емонци. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и родителите во вакви ситуации и ги упататува до релевантни институции (здравствени установи, Центар за социјална работа)

## 4.3 Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

За можностите за понатамошно образование училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации. Професионалното ориентирање се врши најчесто од педагогот и психологот, кои во својата програма имаат предвидено работа за професионална ориентација со учениците од деветите одделенија.

Од стручните соработници, повремено се изготвуваат промотивни материјали за мрежата на средните училишта, струките и профилите за занимањата, а се користат и промотивни материјали изготвени од средните училишта во градот.

Советодавна помош за избор на занимање и образовна институција се врши во вид на предавања, работилници и посебно наменски часови за ученици од деветите одделенија на одделенскиот час.

Училиштето редовно е посетувано од средни училишта кои нудат информации за уписите, а учениците имаат можност да добијат и промотивен материјал. Училиштето има целосен увид во однос на тоа каде учениците кои го завршиле основното образование во училиштето, го продолжиле понатамошното образование.

### 4.4 Следење на напредокот на учениците

Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој.

Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските раководители, предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи, по квартали, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи и анализи според паралелки им се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар. Извештаите се достапни за сите други наставници. Родителите и учениците се информираат на одделенскиот час, родителски средби и советот на родители. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно¬образовниот процес.

## 5 Училишна клима

### 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето се истакнува според постигањата на учениците во локалната заедница, како редовен учесник на настани од културното живеење во општина Кисела Вода. Учениците го негуваат мултикултурализмот, родовата еднаквост, меѓуетничка интеграција и го поттикнува учеството на учениците и родителите во училишниот живот. Училиштето има сопствена визија и мисија јавно истакната и е на добар пат за нивно остварување. Наставниците и учениците се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Вработените и учениците со својата работа и однесување придонесуваат за постојана афирмација на училиштето.

Училиштето има изготвено свој Кодекс на однесување, кој ги опфаќа сите структури со арх. бр.03-284/2 од 01.09.2022 година (раководен кадар, стручна служба, наставници, ученици, родители и технички персонал). Кодексот на однесување е поставен на видно место во училиштето и го почитуваат сите училишни структури. Кодексот е транспарентно усвоен и има пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување.Училиштето има изготвено Куќен Ред бр.03-284/2 од 01.09.2022 година.

Училишната клима е добра, а кај вработените постои добар професионален однос со меѓусебна почит и добра соработка. Рамноправно се третират сите структури, што битно влијает на добрата работна атмосфера. Постои взаемна соработка и заедничка работа на наставниците во одделенска и предметна настава. Односите на наставниците и стручна служба се исто така на добро ниво.

Раководниот и наставниот кадар се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, како и создавање на пријатна атмосфера за работа за време на наставата и воннаставните активности. Во училиштето има добра работна атмосфера за време на часовите и другите училишни активности. Дисциплината на учениците во училиштето е добра. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат, соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Сите ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност, вера и потекло се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Училиштето ги применува изработените правилници за пофалби, награди, педагошки мерки за учениците бр.03-116/1 од 10.05.2021 година, како и правилата за однесување на учениците и наставниците во училишната спортска сала за време на наставата. Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации и пишани графити со негативни пораки.

Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирано ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште) која учествува во донесување одлуки што се од непосреден интерес на учениците. Има формиран ученички парламент. Ученичкиот парламент има изготвено програма за работа и за реализација на програмата добива поддршка од училиштето. Ученичкиот парламент има избрано ученик претседател и ученик правобранител кои учествуваат во разгледување на одлуки за прашања што се од непосреден интерес за нив и другите ученици и истите се поканувaат и присуствуваат на наставнички совет, советот на родители и училишен одбор. Учениците целосно се информирани од претседателот за сите работи што се од нивен непосреден интерес и поголем број на ученици во одделението учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки.

### 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Наставничкиот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците имаат добри очекувања од самите себе и од другите за повисоки постигања на ниво на училиште. Наставниците го користат пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на сите ученици во рамки на училиштето.

Училиштето има политика на потикнување на наставниците на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Училишниот педагог има организирано презентација со родителите за да ги запознае со правата на децата. Презентација за правата на децата со која учениците се запознаат со нивните

права и обврска. Во секоја училница е истакнат Плакат со правата на децата. На оделенскиот час е реализирана работилницаза правата на децата.

Наставниците правично и со почит се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста. Учениците учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училиштен контекст.

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Во училиштето се реализира МИО проектот. Активностите се планирани во Годишната програма на училиштето и се реализираат со изготвен акциски план со цел учениците да учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници. Училиштето планира и реализира заеднички наставни и вонnаставни активности со хетерогени групи  и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените со партнер училиштето ООУ „Емин Дураку“с. Буковиќ.

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето планира активности и родителите се поттикнуваат активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема или посети на работното место на родителот, како и во вонnаставните активности. Училиштето користи методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и родителски средби, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Училиштето има пропишани процедури за избор на претставници на родителите во Училишниот Одбор. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување  заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Заедницата добро се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Тоа промовира мултиетничка интеграција и инклузивност во пошироката средина.

Соработката со сите училишта на ниво на општина Кисела Вода се одвива преку комуникацијата на наставниот кадар и раководните тела и преку индивидуални посети на училиштата. Меѓусебната комуникацијата на учениците со учениците од другите училишта се одвива преку општински натпревари и спортски настани и друго. Училиштето остварува соработка со здруженија, невладини организации, фондации при реализација на проекти.

Постојат примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор, невладиниот сектор и активно учество на училиштето во проекти од интерес на заедницата.

# 6 Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава по Норматив. Постојат многу добри просторни услови за одвивање на работата на наставничкиот кадар и за организирање вонннаставни активности за учениците. Настава се изведува во една училишна зграда од цврста градба која е новоизградена и пуштена во употреба во 2016 година. Училишниот објект е со површина од 3000 м2 и се состои од приземје и кат, и подрумски простории. Училиштето располага со училишен двор на површина од 10670 м2.

Наставата се изведува во 20 училници, 5 кабинети (информатика, биологиа-хемија, француски јазик, математика и англиски јазик) и една фискултурна сала со површина од 800 м2. Училиштето располага и со библиотека, наставничка канцеларија, 6 административни простории, трпезарија, простории за технички персонал, просторија за хаусмајстор, магацинска просторија и девет помошни простории. Училишната зграда и простор се пристапни за ученици со телесни пречки во развојот (пристапни рампи, лифт и приспособен тоалет).

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на вонннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала за реализација на наставата. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема и според приоритетите и потребите ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови за реализирање на воспитно - образовниот процес.

Од наставни помагала училиштето располага со 22ТВ , 5 функционални ЛЦД проектори, 8 смарт табли, еден интерактивенпанел 20 печатари една во боја, еден фотокопир, 3 печатари  и неден печатар со скенер4 лап топи за раководителите на активите и 1 лаптоп за стручната служба и 15 компјутери во кабинетот по информатика.

Исто така, преку ПЕИП - Проектот за унапредување на основното образование од Министерството за образование и наука извршено е опремување на кабинетите по предмети од групата на природни науки. За нив, како и за останатите наставни предмети училиштето обезбедило и во голема мера ги подновило наставно нагледните средства и материјали, односно извршило набавки на географски и историски карти, глобуси, атласи,

епрувети, геометриски сетови, микроскопи, постери и модели за биологија, сообраќаен свет, спортски реквизити и други. За спецификите и потребите за учениците со посебни образовни потреби училишниот дефектолог користи и изготвува прилагодени наставни средства, располага со асистивна технологија.

Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето. Учењето и наставата  кај поголем број на наставници е со користење на ИКТ опрема. За таа цел, во сите училници се поставени и инсталирани смарт табли и ЛЦД-проектори. Во секоја од паралелките од прво второ,трето пето и шесто одделение обезбедени се принтери во боја за печатење на дигитални наставни материјали кои од учебната 2021/2022 година реализираат настава според новата Концепција за основно образование донесена од Министерот за образование и наука. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет.

Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи и лектирни изданија. Библиотеката има читална, добро е уредена, има комјутер со пристап до интернет и библиотечната евиденција се води уредно. Библиотечната евиденција за издадени и вратени книги се води во пишана и електронска форма. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и согласно работното време на библиотекарот.

Училишната библиотека располага со вкупно 400 учебници и 6921 книги, од кои 2015 лектири, 711 стручна литература, 4020 книги по жанрови, 10 речници, 10 детска литература, визуелни речници по хемија, географија, информатика, математика и физика, 97 прирачници, 5 енциклопеди и 45 атласи. Библиотекарот е одговорен за прием и распределба  на бесплатните учебници и ја води библиотекарската секција, во чии рамки организираат предавања, изложби, акции за собирање на книги и учествува на конкурси и натпревари.

Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и вонnаставните активности, согласно планот на училиштето.

## 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето има вработено наставници и стручни соработици за реализирање на воспитно¬-образовниот процес по сите наставни предмети и сите во моментот на интегралната евалуација имаат соодветно образование согласно со нормативите. Наставниот кадар е обучен за работа со деца со посебни образовни потреби. За работа со тие деца, добиваат поддршка од специјалниот едукатор и рехабилитатор вработен во училиштето и истиот врши дисеминација на обуките кои ги посетил. Раководниот, наставниот кадар и стручните соработници се обучени и реализираат активности за меѓуетничка интеграција.

Наставата во училиштето ја реализираат 50 наставника и сите имаат високо образование. На неопределено работно време се 37 наставника и 13 наставника на одределено работно време. Според полот 41 се жени и 9 се мажи, а според етничката припадност 49 се македонци и 1 Србин. Наставата во одделенска настава ја изведуваат 24 одделенски наставника и 11 предметни наставника. Наставниот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности. Работата на наставниот кадар соодветно е поддржана од страна на стручната служба и административно-техничкиот персонал. Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник. Во училиштето има пет

наставници - приправници. Со нив работи наставник-ментор согласно изготвена програма за работа. Во училиштето има и наставник со звање ментор со решение од МОН.

Наставниците работат како тим во рамки на два активи (одделенски и предметни наставници) кои придонесуваат за ефективно работење на училиштето. При ангажирање на наставничкиот кадар се земаат предвид законските и подзаконските акти и соодветната квалификација согласно нормативот. Во училиштето има вработен библиотекар со полно работно време. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.

Училиштето има стручна служба (педагог и специјален едукатор и рехабилитатор) која им помага на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручните соработници во своите програми за работа планираат и спроведуваат разновидни активности за работа со учениците и наставниците и секогаш се отворени за соработка.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ги детектира потребите на наставниците за професионален развој имајќи ги в предвид професионални компетенции за наставници. Училиштето има Програма за професионален и кариерен развој на наставниот кадар.

Училиштето организира дисеминирање на знаењето, јакнење на вештините и способностите на кадарот. Организира и учествува во интерни и екстерни обуки за меѓуетничка интеграција, но се чувствува потреба од дополнителни обуки за учениците со посебни образовни потреби. Реализирана е обука со наставниците за планирање и реалиизирање на часовите во прво, второ пето и шесто одделение согласно со новата Концепција за основно образование.

Наставничкиот кадар и стручната служба имаат ажурирани професионални досиеја. Од страна на наставниот кадар изготвени се индивидални програми за професионален и кариерен развој.

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Буџетските приоритети се поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се користи за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Училишниот одбор редовно добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Финасовиот план и финансиски извештаи се разгледуваат и носат од страна на училишен одбор.

# 7 УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

## 7.1 Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето, при што се води сметка за родовата и етничката структура на членовите на училишниот одбор. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот

за работа на училишниот одбор. Во деловникот за работа е пропишано задолжително присуство на најмалку по еден претставник од структурите предвидени со Законите за основно и средно образование во училиштен одбор (освен во случаи на најавено отсуство или неименувани претставници). Училишниот одбор има донесено план за следење на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество и квартално ги следи активностите. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа на училиштен одбор. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училиштето обезбедува обука за членовите на училишниот одбор заради успешно извршување на улогата на управување. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето; донесува одговорни одлуки; има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој; успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем; се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план/програма, редовно се самоевалуира, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето; воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница, вклучувајќи партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието. Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Раководниот орган на училиштето е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста, интернационализацијата, дигитализацијата, меѓуетничката интеграција во образованието и младинското учество.

## 7.2 Креирање на училишната политика

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција и младинско учество, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на мисијата и визијата. Вработените добро ги познаваат и разбираат мисијата и визијата, а останатите чинители се запознаени со нив. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (вработените, структурите во училиштето, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на мисијата и визијата. Училиштето соработува со невладини организации и локалната структура за остварување на мисијата и визијата.

Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, интернационализација, дигитализација, меѓуетничка интеграција во образованието, младинско учество , намалување на сите видови насилства во училиштата, намалување на семејното насилство, антикорупциска

едукација на учениците, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, итн. Вработените, структурите во училиштето, учениците и останатите чинители активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките, како и во активностите за нивно остварување.

Резултатите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите и тој план го реализира. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

# 8 Наоди и препораки

## 8.1 Јаки страни

- Освоен голем број први места во областа на природните науки (математика, хемија, природни науки, биологија и странски јазици);
- Вклученост на училиштето во поголем број проекти;
- Постигањата на учениците се анализирани во сите периоди и со описнио и со бројчано оценување, а со анализата се запознаени формалните и неформалните органи во училиштето преку презентирање;
- Поголем број проекти од областа на интеркултурализмот и МИО;
- Новоизграден енергетски ефикасен училишен објект кој е целосно инклузивен и пристапен за ученици со физичка попреченост и
- Добра соработка на директорот со стручните тела и органи во училиштето, со локалната средина, деловната заедница и невладиниот сектор.

## 8.2 Слаби страни

- Наставниците ретко планираат и реализираат диференцирани активности со учениците во паралелка;
- Дел од училниците не се опремени со паметна (смарт) табла во согласност со новата концепиција;
- Училиштето има потреба, а нема стручен соработник психолог и

• Во близина на училишниот објект, нема поставен сообраќаен знак, опасност-деца на патот.

## 8.3 Препораки

• Да се планираат диференцирани активности за работа со учениците;

• Училиштето да ги продолжи активностите за доопремување на училните со смарт табли;

• Да се покренат активности за обезбедување на стручен соработник психолог и

• Училиштето да поднесе барање до основачот за поставување сообраќаен знак, опасност-деца на патот во близина на училиштето.

| | |
|---|---|
| Христина Јованоска, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Нада Николова, Инспектор | |
| Џавид Слејмани, Инспектор | |